Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

Република Македонија
Министерство за правда

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 0811-8371/1
12.02.2015 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 03-97/2
20.02.2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 03-1205/1
15.02.2019 год
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Скопје,
11.02.2019 година

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу:**

**1.Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12, во Скопје, претставувана од директор/судија проф.д-р Наташа Габер Дамјановска.

**2. Министерство за информатичко општество и администрација**, со адреса на бул. “Св.Кирил и Методиј” бр.54, во Скопје, претставувано од министер Дамјан Манчевски.

**3. Министерство за правда**, со адреса на ул. „Димитрија Чупоски“бр. 9, во Скопје, претставувана од министер проф. д- р Рената Дескоска.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда (потписници), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на јавната администрација и управното правосудство, во насока на унапредување на имплементацијата на Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови, преку развивање на соработката на полето на континуирана обука и друга меѓусебна соработка, се договорија за следното:

## Член 1

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда.

## Член 2

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на законските надлежности на трите институции, на следниот начин:

- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда

соработуваат, заедно организираат и учествуваат во активности поврзани со континуирани обуки, како поддршка и унапредување на процесот на имплементација на Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови.

- Министерството за информатичко општество и администрација, на предлог на институциите кои одлучуваат во управна постапка во прв и втор степен утврдува листа на учесници на обуките од редот на нивните вработени.
- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", на предлог на Управниот и Вишиот управен суд утврдува листа на учесници на обуките од редот на нивните судски службеници и судии.
- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда утврдува листа на обучувачи кои ќе ги спроведат предвидените обуки.
- Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Министерството за правда и Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" утврдува програма за обуките.
- Министерството за информатичко општество и администрација обезбедува средства за обучувачите.
- Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за правда на учесниците на обуките, овозможува користење на материјали потребни за реализација на обуките.
- Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев" обезбедува просторни услови за непречено одвивање и реализација на обуките.
- Министерството за информатичко општество и администрација „Павел Шатев" во соработка со Министерството за правда и Академијата за судии и јавни обвинители изготвува извештај за спроведените обуки.

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења.

### Член 4

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на идната соработка.

### Член 5

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ги известила другите две страни за раскинувањето доколку некоја од страните не ги почитува и спроведува обврските зацртани во овој меморандум.

### Член 6

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи се' додека еден од потписниците не одлучи да го прекине, односно да се отповика од него. Потписникот кој ќе го прекине, односно ќе се отповика од Меморандумот, должен е за тоа да ги извести другите потписници најдоцна два месеци претходно.

Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

Република Македонија
Министерство за правда

Потпишан во Скопје,
11.02.2019 година

**Академија за судии и јавни обвинители**
**„Павел Шатев"**
**директор,**
**проф. д-р Наташа Габер Дамјановска**

______________________

**Министерство за информатичко општество**
**и администрација**
**министер,**
**Дамјан Манчевски**

______________________

**Министерство за правда**
**министер,**
**проф. д-р Рената Дескоска**

______________________